**20150200410**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08 - 756/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/2010. 53/11,185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/13 и 180/14 и 188/14), во членот 7 став (1) точката 13) се менува и гласи:

„лице кое покрај примања од работен однос, самовработување или пензија, остварува и приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на просечната нето плата за претходната година објавена од Државен завод за статистика “.

По точка 13) се додаваат две нови точки 14) и 15) кои гласат:

„14) лице во работен однос кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа со работодавач кај кој е во работен однос или со други правни лица кои имаат сопственичка, организациска или управувачка поврзаност со работодавачот и

15) лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон“.

Ставот (4) се брише.

Член 2

Во членот 10 став (1) точката 16 се менува и гласи:

„лице кое покрај примања од работен однос, самовработување или пензија, остварува и приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на просечната нето плата за претходната година објавена од Државен завод за статистика “.

По точката 16) се додаваат две нови точки 17) и 18) кои гласат:

„17) лице во работен однос кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа со работодавач кај кој е во работен однос или со други правни лица кои имаат сопственичка, организациска или управувачка поврзаност со работодавачот.

18) лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или други договори со кои е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон“.

Ставот (2) се брише.

Член 3

Во членот 13 став (1) точката 13) се менува и гласи:

„Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за лицата од членот 7 став (1) точки 13 и 15 и членот 10 став (1) точки 16 и 18 од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе“.

Точката 14 се менува и гласи:

„правното лице - исплатувач на надоместокот за лице од членот 7 став (1) точка 14 и членот 10 став (1) точка 17 од овој закон“ .

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Правното лице-исплатувач е должен на Управата за јавни приходи да и доставува месечен извештај за договорите за дело, авторските договори или други договори со кој е утврден надоместок за извршената работа, до 20-ти во месецот за претходниот месец.“

Член 4

Во членот 14 став 1 точката 15 се менува и гласи:

„износот на разликата меѓу нето надоместокот и минималната плата утврдена со закон, зголемен за придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за задолжително здравствено осигурување и персонален данок на доход од договорот за дело, авторскиот договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршена работа, за лицата од членот 7 став (1) точка 15 и членот 10 став (1) точка 18 од овој закон.“

По точка 15) се додаваат две нови точки 16) и 17), кои гласат:

„16) износот на разликата меѓу нето надоместокот и просечната нето плата за претходната година објавена од Државен завод за статистика, зголемен за придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонесот за задолжително здравствено осигурување и персонален данок на доход од договорот за дело, авторскиот договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршена работа, за лицата од членот 7 став (1) точка 13 и членот 10 став (1) точка 16 од овој закон.

17) бруто надоместокот од договор за дело, авторски договор или друг договор со кој е определен надоместок за извршена работа за лицата за кои обврзник за пресметка и уплата на придонесите е правното лице-исплатувач од членот 13 став (1) точка 14 на овој закон“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Лицата кои се обврзници за уплата на придонесите сами за себе, се должни да доставaт пријава за износот на применот надоместок по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија најдоцна во рок од 5 дена по приемот на надоместокот. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија по службена должност доставува евиденција до Управата за јавни приходи, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Формата и содржината на пријавата од членот 14 став (5) го пропишува Министерот за финансии.

Член 5

Во членот 15 став (1) по бројот: „12“ се става запирка, а зборовите: „и 13“ се заменуваат со зборовите: „13, 15 , 16 и 17“.

Член 6

Член 16 се менува и гласи:

„Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика. На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси“.

Член 7

Во членот 18 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точки 13) и 14) е должен пресметката на придонеси и надоместок по основ на договор за дело, авторски договор или друг договор, да ја врши поединечно за секој осигуреник, врз основа на основиците утврдени во членот 14 од овој закон. Податоците за пресметаните придонеси е должен, да ги доставува до Управата за јавни приходи, најдоцна до 10ти во тековниот за исплатените надоместоци во претходниот месец, по електронски пат, на начин и постапка утврдена согласно со актот од членот 17 став (2) од овој закон.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 8

Во членот 24 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Рокот за уплата на придонесите за обврзниците за уплата на придонеси од членот 13 став (1) точки 13) и 14) е најдоцна до 15-ти во месецот за исплатените надоместоци во претходниот месец. “



www.pravdiko.mk

Член 9

Членот 28-г се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на обврзникот од членот 14 став (5) од овој закон доколку не достави пријава за износот на применито надоместок по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во пропишаниот рок.

Член 10

Подзаконскиот акт од членот 4 став (4) на овој закон ќе се донесе во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

(1) Одредбите од овој закон се однесуваат за плата, дел од плата, надоместок на плата, друг надоместок и надоместок врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор за јануари 2015 година.

(2) Рокот за поднесување на пресметките на придонеси за јануари 2015 година е 20-ти февруари 2015 година, а рокот на пристигнатост за плаќање на придонесите е 25-ти февруари 2015 година.

(3) За придонесите платени пред влегување во сила на овој закон, ќе се изврши порамнување согласно одредбите на овој закон.

Член 12

По пристапувањето на Република Македонија во Европска Унија обврзник за плаќање на придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување е лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор за дело и/или авторски договор или друг договор чијшто вкупен нето износ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон.

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.mk